Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15), Советот на општина Битола , на 48-та седницата одржана на ден 25.12.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на вредност на бодот за платите
на државните службеници за 2025 година

Член 1

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2025 година изнесува 81,60 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Битола“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2025 година.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ
Габриела Илиевска

Број 09-159/13
25.12.2024 година
Битола

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 88 од Законот за административни службеници, Советот на општината со одлука ја утврдува вредноста на бодот за платите на државните службеници на предлог на градоначалникот, а во рамки на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на административни службеници распоредени по соодветни нивоа за тековната година.

Вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници во општините, градот Скопје и општините во градот Скопје се утврдува секоја година со Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници која ја донесува Советот.

Со оглед на наведеното, градонечалникот предлага Советот на општината да ја донесе предложената одлука.